**20181552860**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 92 став 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/18), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ПОТВРДАТА ЗА ПОЛОЖЕН ВОЗАЧКИ ИСПИТ СО ПРАВО ЗА УПРАВУВАЊЕ ВОЗИЛО ВО СООБРАЌАЈОТ ОД КАТЕГОРИИТЕ „АМ“, „А2“ И „Т“

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на образецот на потврдата за положен возачки испит со право за управување возило во сообраќајот од категориите „АМ“, „А2“ и „Т“.

Член 2

Образецот на потврдата за положен возачки испит со право за управување со возило во сообраќајот од категориите „АМ“, „А2“ и „Т“ се печати на хартија во бела боја со А4 формат.

Образецот на потврдата од ставот 1 на овој член ги содржи следните податоци:

- РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА;
- МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ;
- законски основ за издавање на потврдата;
- наслов на потврдата;
- број од регистар за возачи;
- име, татково име и презиме на лицето на кое се издава потврдата;
- ден, месец, година и место на раѓање,
- адреса на живеење;
- ЕМБГ на лицето на кое се издава потврдата;
- категорија за која се издава потврдата;
- датум и место на издавање на потврдата и органот кој ја издал потврдата;
- број на досие врз основа на кое се издава потврдата;
- забелешка;
- место за потпис на возач;
- место за печат;
- место за потпис на овластено лице.

Образецот на потврдата од ставот 1 на овој член е даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува до 1 јануари 2019 година.

Бр. 13.1.1-64981/1
14 август 2018 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.

Прилог

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 92 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/18), Министерството за внатрешни работи издава

## П О Т В Р Д А

**за положен возачки испит со право за управување возило во сообраќајот од категориите „АМ“, „А2“ и „Т“**

број од регистар за возачи________

Се потврдува дека лицето _________________________ (име, татково име, презиме) роден-а на ___________ (датум на раѓање) во ____________ (место на раѓање), со адреса на живеење ___________________________, ЕМБГ _____________ може да управува возила на територијата на Република Македонија од категорија:

АМ положил на __.__.____ год. во ______________ потпис на овл.лице М.П.________
А2 положил на __.__.____ год. во ______________ потпис на овл.лице М.П.________
Т положил на __.__.____ год. во ______________ потпис на овл.лице М.П.________

Потврдата е издадена на _____________ (датум на издавање) од МВР ______________ (орган кој ја издава), со важност до 01.01.2019 година.

Оваа потврда се издава врз основа на досие _________ (број од регистар за возачи) на именуваниот-ата како доказ при управување возило од наведената категорија.

По истекот на важноста на потврдата, потребно е да се поднесе барање за впишување на категориите од потврдата во возачката дозвола.

Забелешка:____________________________________________________________

Потпис на возачот м.п. Потпис на овластено лице

___________________ ___________________

Во категориите спаѓаат:
АМ – мопеди, мотокултиватори, односно возила на две или три тркала со максимална брзина која не надминува 45 km/h и лесни четирицикли.
А2 – мотоцикли со или без бочна приколка сила на мотор која не е поголема од 35 kw и соодносот меѓу јачината на мотор и масата на возилото не е поголем од 0.2 kw/kg, но не потекнуваат од возило со двојно поголема моќност.
Т – трамваи.